
Ѓереме - музеј на отворено

# Кападокија

Низ срцето на анадолското плато во централна Турција, на надморска висина од 1500 метри се протега длабока долина, која го пресекува пределот на шилести карпи. Тоа е земјата наречена Кападокија - Катпатука, што на јазикот на Хиитите значи „земја на убавите коњи“. Пределот настанал во времето кога горaта Аргеос во близина на Кесарија била активен вулкан кој исфрлил тони лава и вулкански прав. Со текот на времето правот се стврднал формирајќи меки карпи, коишто пак подоцна под дејството на ерозијата ги обликувале денешните долини, платоа, кањони, пештери и врвови. На тој начин е формиран еден навистина посебен и необичен пејсаж, единствен во светот. Мекоста на вулканските карпи ги привлекла и им овозможила на жителите на Кападокија во нив лесно да издлабат и да си формираат свои живеалишта, а подоцна и цели манастири, цркви и подземни градови, така што кога ќе се погледнат одблизу карпите изгледаат како пчелино саќе.

Низ историјата овде се вкрстувале повеќе древни магистрали и разни култури кои меѓусебе доаѓале во допир. Древните анадолски племиња, Асиријците, Хититите, Фригијците, турските племиња од централна Азија, Монголите, Персијците, Сиријците, Арапите, Курдите, Ерменците, Македонците, Грците, Римјаните и Западните Европјани - сите тие поминале овде оставајќи зад себе дел од своите традиции како и гени. Иако во минатото поимот Кападокија се однесувал на многу поголем простор, денес тоа име го носи регионот што се наоѓа источно од Конија, ограден со Аксарај на запад, Кајзери (Кесарија) на исток, Нигде на југ и Киршехир на север.

Во Кападокија христијаните се населиле многу рано, уште во првите векови по Христа. Меѓу првите што тука го проповедале христијанството бил и самиот апостол Павле, а малку подоцна нејзините осамени долини и ризници на пештери станале погодно катче за молитвено тихување на огромен број монаси. За богатството на црковниот (духовниот) живот овде во Кападокија сведочат речиси 2000 пештерни храмови направени во периодот од 4 до 14 век. Сите тие изобилуваат со фрески и мајсторски издлабени лаци и куполи, слични на оние од ѕиданите цркви. Фреските главно се во византиски стил, но едноставноста и силината на овие дела се кападокиска реткост. Во времето на иконоборниот период (8 век) кога било забрането живописање на ликови, наместо нив биле употребувани ранохристијански симболи од кругови, крстови и други обележја.

Монасите (коишто во најголемиот подем) овде ги имало и на десетици илјади формирале монашки обители кои во голем број биле и првите населби во Кападокија. И самиот св. Василиј Велики, кој бил епископ на Кесарија во 4 век, живеел во една таква монашка општежителна заедница овде во Кападокија и ги напишал правилата за монашкиот живот, кои за монасите на Православната Црква и денес се актуелни. Тој сметал дека, заради правилно духовно растење, подобро е молитвеното тихување да се практикува во општежителни услови, особено на почетокот на подвигот. Но, освен во вакви големи монашки заедници имало и голем број на подвижници кои молитвеното тихување го практикувале во осамени услови.

Црквата на ременот (Токали)





Црквите и манастирите од времето на свети Василиј Валики денеска не постојат, меѓутоа сè уште постојат над 400 пештерни црквички, изградени во временскиот период од 5 до 13 век, коишто денеска го сочинуваат **музејот на отворено во Ѓереме,** светски национален парк што привлекува мноштво посетители од сите краишта на светот. Овој музеј во себе ги вклучува следните храмови коишто се отворени за посетители: „Манастирот Кизлер", изграден во 11 век; „Црквата на јаболкото", параклисот на света Варвара, параклисот на свети пророк Даниел, „Црквата на змијата", „Црквата на сандалата", параклисот на свети Евстахиј, црквата на Пресвета Богородица, „Скриената црква", „Црквата на мечовите" и други. Сите овие цркви меѓусебе значително се разликуваат како по својата архитектура така и по фреските. Покрај едноставните еднокорабни цркви има и големи трикорабни базилики со цели комплекси околу себе. „Темната црква" (Каранлик) и „Црквата на ременот" (Токали) се најубави примери на црковна архитектура дури и во границите на византиското царство, заедно со нивните фрески. Византиската уметност има големо влијание на фреските од пост-иконоборниот период. Овие фрески кои датираат од 9 до 13 век биле живописани врз старите и тоа врз малтер направен од кал и слама. Но, овој малтер, бидејќи го немал извонредниот квалитет на вулканската карпа (на којашто биле насликани првобитните фрески од времето и пред иконоборниот период), со текот на времето станал причина за избледување на боите.



Црквата на света Варвара



Црквата на јаболкото



Темната црква (Каранлик)



Засолнета од природна преграда којашто ја прави масивниот вулкан Хасандаги на југ, долината **Ихлара (Перистрема)** се наоѓа далеку од главните патишта, што ѝ овозможило да остане прилично недопрена од брановите на освојувачите што ја преплавувале земјата. При тоа служела како природна и духовна оаза за своите жители, коишто овде нашле свое засолниште и за време на римските прогони од 2 век, а подоцна, и во 7 и 8 век за време на арапските наезди. Многу порано пред нив Хититите овде наоѓале прибежиште од фригиските освојувачи. И раните христијански монаси овде нашле место за осамување, во оддалеченото катче на империјата. Долината подоцна станала значаен центар на монаштвото што траел од 4 до 14 век. Денес постојат околу 150 црквички и повеќе манастири во кањонот меѓу селата Ихлара и Селиме. Повеќето цркви издлабени во карпите од раните христијани за жал исчезнале една по една заради неизбежната ерозија. Црквите што можат да се видат и денес датираат од 7 до 11 век. И покрај уништувањето причинето од природата и уште повеќе од освојувачите, живописот во овие цркви сè уште ги има зачувано својата убавина и светол колорит. Меѓу најпознатите цркви долж бреговите на потокот се т.н.: „Црква со тераса", „Црквата на свети пророк Даниел", „Црквата на змијата" и други.

детаљ од фрескописот во „Црквата на зумбулот", долина Ихлара

Сепак како најфасцинантни места во овој чудесен регион се доживуваат неговите **подземни градови.** Тоа се огромни лавиринти од тунели, пештери и премини, кои досегаат и до седум-осум спрата, односно од 85 до 120 метри под земјата. Карпите настанати со консолидација на вулканска пепел биле многу погоден градежен материјал не само заради мекиот состав туку и затоа што ја држат температурата постојана (12-15 степени целзиусови дури и во лето). Повеќето од овие населби се направени во 7 и 8 век од месните христијани, кои овде побарале засолниште од инвазијата на арапските војски. Досега во Кападокија се откриени 36 подземни градови, големи и мали, кои имале и свои цркви. Во секој град постојат кујни, трпезарии, штали, спални, магацини, длабоки бунари, одводи за вентилација. Целиот комплекс се затворал за заштита од непријателите со тркалање на огромен камен од внатрешната страна на влезните тунели. За заштита од натрапници биле направени и слепи тунели, кои досегале и до неколку километри. Подземните градови биле меѓусебно поврзани со тунели. За посетителите се отворени само градовите Деринкују и Кајмакли.

Подземниот град **Кајмакли** е сместен на 20 км оддалеченост од Ниса (Невшехир), на патот Невшехир - Нигде. Има 7 нивоа. Не е точно познато кој го изградил, Хититите или христијаните. Како и да изгледал првично, тој со текот на вековите секако бил прошируван и зголемуван. Проценето е дека има капацитет за 20 илјади луѓе, со тоа што на секое ниво би можеле да се сместат околу 3000 луѓе. Покрај овој зачудувачки број на жители, овде биле сместувани и домашни животни. Проблемот со греењето најверојатно бил решаван преку топлината од кујните и шталите. За добивање на вода се користеле специјално за таа цел ископани цистерни и бунари длабоки дури и до 140 метри под површината, а постои и специјален довод за воздух. Познато е дека мазните, налик на цистерна цевки биле користени за правење вино. Градот има и своја црква на првото ниво со олтар во центарот и апсида наспроти него. Најверојатно овој град е поврзан преку тунел со подземниот град Деринкују.

Кападокија ѝ даде мноштво Светители на Црквата. Покрај великите кападокиски Отци од 4 век: св. Василиј Велики (1 и 30 јануари), св. Григориј Богослов (25 и 30 јануари), св. Григориј Ниски (10 јануари), познати се и св. Григориј Неокесариски Чудотворец (17 ноември), св. великомаченичка Варвара (4 декември), св. свештеномаченик Власиј (11 февруари), св. Кесариј (9 март), св. Петар Севастиски (брат на св. Василиј Велики), св. Макрина (19 јули), св. Теодора Кесариска (30 декември), св. Нона (5 август), св. Евлалиј (30 август), св. Арсениј Кападокиски (10 ноември) и многу други.







# Ефес

Основан од Атињаните, Ефес на времето бил најважниот трговски центар на западна Анадолија, а притоа и важен политички и интелектуален центар, во кој се наоѓала втората по големина философска школа на Егејскиот регион. Градот, кој за време на своето постоење често ја менувал местоположбата, најпрво бил лоциран на устието на реката Кајстер (Мендерес) во Егејското Море. Но, со текот на времето, како што пресушувала, реката го покривала пределот со своите наноси, оставајќи ја населбата далеку од морето. Денес речиси целиот град се наоѓа под земја и само мал дел од него е откриен.

За време на владеењето на Јулиј Цезар биле изградени велелепни зданија. Меѓу откриените делови од градот се театарот, библиотеката на Целиус, гимназиумот на Ведиус и остатоци од храмот на Артемида, коишто привлекуваат многубројни посетители. Театарот, во тоа време најголем во светот, кој можел да смести до 25.000 гледачи, бил како и сите древни театри - под отворено небо. Тука отпрвин се одржувале драми, комедии и трагедии, а потоа и гладијаторски борби.

Ефес бил важен центар за раното христијанство. Во првиот век, светиот апостол Павле пристигнал тука за да им го проповеда на ефесјаните христијанството, како вера во Едниот Бог. Пристанишниот град во тоа време бил најзначајното поклоничко место на култот на Артемида, па апостолот и христијанското учење биле жестоко нападнати од постарите жители на градот. Со долготраен и исцрпен напор од страна на светиот апостол Павле, христијанството било прифатено од поголемиот дел на населението околу Ефес. „На мене, најмалиот од сите светии, таа благодат ми се даде - да им го проповедам на незнабошците неискажаното богатство Христово", пишува во своето послание до Ефесјаните свети апостол Павле. „Како што дрвото се познава по плодовите, така и оние што тврдат дека се Христови се познаваат по нивните дела", им се обраќа подоцна во послание на Ефесјаните и свети Игнатиј Богоносец. Во Ефес се наоѓала и една од седумте азиски Цркви, спомнати во Откровението на свети Јован Богослов.





Мермерната улица во Ефес

## Црквата на светиот Јован Богослов



Според Преданието, свети Јован Богослов заедно со Пресветата Дева живеел во Ефес по прогонството од Ерусалим во 37-42 година и се претпоставува дека токму овде тој го напишал своето Евангелие. Во 4 век над неговиот гроб прво била изградена дрвена базилика, а потоа византискиот цар Јустинијан I (527-565) на тоа место ја подигнал сегашната црква, од која денес има останато многу малку. Монументалната базилика, со димензии 40x100 метри, била крстообразна и засводена со 6 куполи. Нејзината градба, од камен и цигла, е исклучително ретка во архитектурата од тоа време. Во 7 и 8 век, заради постојаната опсада од Арапите, црквата била оградена со ѕидини, кои имале 20 кули и 3 капии. Камењата што биле вградени во ѕидините, а донесени од гимназиумот во Ефес, биле осветени со крвта на првите христијански маченици, кои биле фрлани во гимназиумот пред дивите ѕверови. Издигнат на две скалила и засводен со мермер, гробот на свети Јован Богослов се наоѓал под централната купола. Сè уште постои добро сочувана крстилница на север од наосот на црквата.

## Црквата на Пресвета Богородица

Сместена близу до едно од трговските пристаништа, ова е прва црква посветена на Пресвета Богородица. Во неа бил одржан Третиот Вселенски собор во 431 година, на кој е потврдено православното учење за тоа дека во Господ Исус Христос исповедаме една Личност и две природи (божествена и човечка), и дека Неговата Пречиста Мајка ја прославуваме како единствена Секогаш Дева и вистинска Богородица. На Соборот била осудена несторијанската ерес.

Оригиналната градба, со димензии 265x90, датира од 2 век и имала цивилен карактер. Во својата основа била трикорабна. Во 4 век црквата била претворена во базилика. Тогаш била доградена крстилница, која во својата основа е кружна. На подот на нартексот, кон западниот крај на црквата, имало мозаици украсени со бројни орнаменти; додека атриумот, со еден апсиден ѕид, бил поплочен со разновидни камчиња. За време на владеењето на царот Јустинијан I (527-565) бил доградена и параклис засводен со една купола. Во 10 век била додадена црква на предната источна страна, со малечок параклис на југот. Од некогашната импресивна базилика денес постојат само мали фрагменти.







## Седумте ефески отроци

Во времето на царот Декиј седуммина момчиња, војници, синови на најугледните ефески старешини, не сакајќи да учествуваат во скверното жртвопринесување се засолниле на ридот Охлон зад градот Ефес во пештера. Кога царот дознал за тоа, наредил да ја засидаат пештерата со момчињата внатре. Оттогаш поминале над двесте години. Во времето на царот Теодосиј Помладиот (408-450 г.) настанал голем спор околу воскресението на мртвите. Тогаш момчињата се разбудиле од сон, млади и здрави какви што биле во времето на прогонот. Тоа чудо се разгласило на сите страни, така што и самиот цар Теодосиј дошол со голема свита и со умиление разговарал со момчињата. После една недела тие повторно заспале со сон смртен, чекајќи го општото воскресение.